ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

# Е-ИНФО 24

## АКТИВНОСТИ НА „ПАКОМАК” ВО ПЕРИОДОТ ОД ОКТОМВРИ ДО ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА

ПАКОМАК ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ | Packaging Recovery Organisation Europe PRO EUROPE

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, **МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!**

КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА „ПАКОМАК" ВО ПЕРИОДОТ ОД ОКТОМВРИ ДО ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА. ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ЧИЈА ЦЕЛ Е ПРОМОЦИЈА НА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈА И ПРЕРАБОТКА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД.

ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2017

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ
Packaging Recovery Organisation Europe
PRO EUROPE

## БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

- ПОДДРШКА НА САМИТОТ „МАКЕДОНИЈА 2025“
- ПОДЕЛЕНИ НОВИ ЕКООЗНАКИ ЗА КАФУЛИЊАТА
- АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ ВО СКОПЈЕ СЕВЕР СО „БРЕНД ЈУНИОН“

## НАСЕЛЕНИЕ

- ИНФОРМАТИВНИ ЛЕТОЦИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА НОВИТЕ КОНТЕЈНЕРИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА СТАКЛО
- УСПЕШНА СЕЗОНА НА ТВ-ЕМИСИЈАТА „ЕКОБАЛАНС“
- СОРАБОТКА СО „ОХО ПРОДУКЦИЈА“ И СО МОН НА ПРОЕКТ ЗА ЕДУКАЦИЈА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА
- АПЛИКАЦИЈА „МОЈ ВОЗДУХ“
- ПОДДРШКА НА ХУМАНИТАРНАТА АКЦИЈА НА МЖСПП ЗА СОБИРАЊЕ ПЛАСТИЧНИ КАПАЧИЊА
- СЕДМИ БРОЈ НА „ЕКОПРЕДВЕСНИК“
- КАНТИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД ВО МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА
- СОБРАН СТАКЛЕН ОТПАД ОД ЈАВЕН ПРОСТОР ВО ПОВЕЌЕ ГРАДОВИ
- ПРОДОЛЖЕН ДОГОВОРОТ ЗА СОРАБОТКА СО ГРАД СКОПЈЕ
- ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА МАПА НА КОНТЕЈНЕРИТЕ ИГЛО ЗА СОБИРАЊЕ СТАКЛО ВО СКОПЈЕ

# БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

## 1 ПОДДРШКА НА САМИТОТ „МАКЕДОНИЈА 2025“

На 1 и на 2 ноември во скопскиот хотел „Мериот“ беше одржан шестиот „Самит Македонија 2025“, водечка регионална платформа за споделување на последните светски трендови во бизнисот, инвестициите, технолошките иновации и во одговорното лидерство. Повеќе од 300 гости и 30 говорници, вклучувајќи и дипломати, извршни директори, претприемачи, членови на академијата и бизнис-професионалци од дијаспората ги споделија своите искуства и практика во оваа сфера. На сите учесници на самитот „Пакомак“ им подели платнени торбички на кои беа испишани екопораки.





# 2 ПОДЕЛЕНИ НОВИ ЕКООЗНАКИ ЗА ЕКОКАФУЛИЊАТА НИЗ МАКЕДОНИЈА

Во текот на октомври „Пакомак“ почна со споделување нови екоознаки на кафулињата и на ресторанте низ Македонија. Рамките на новите А-табли се изработени од дрво и се планира постапно заменување на старите со новите А-табли. За потсетување, нашата држава моментно има повеќе од 580 угостителски локали што ја носат ознаката „ЕКО“ во знак на соработката со „Пакомак“ во полето на одговорно постапување со отпадот.



# 3 АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ ВО СКОПЈЕ СЕВЕР СО „БРЕНД ЈУНИОН“

„Пакомак“, во рамките на проектот „Селектирај иднина“, организираше чистење на паркот во Скопје Север, кој беше оценет како најзагрозен, средина во која жителите ги носат своите дечиња, а и постарите граѓани го поминуваат своето време со соседите и со пријателите, место преплавено со амбалажен отпад што зборува за негрижа, лоши навики и за ниска свест за потребите на животната средина. Од паркот во Скопје Север за четири часа беа собрани повеќе од четири кубни метри амбалажен отпад. За жал, на оваа волонтерска акција, на вработените во „Пакомак“ им се приклучија само десетина ентузијасти и компанијата „Бренд јунион“.

„Секако дека слабиот одѕив на граѓаните што живеат во овој дел од градот, како и нула-одѕивот на граѓански организации за заштита на животната средина, не може да нè задоволи. Секој би требало да има на ум дека со заштитата на животната средина – се штитиме себеси. Кога ќе ја достигнеме свеста дека е неопходно да ја чуваме околината во која живееме, парковите, игралиштата, излетничките места, шумите, езерата и живиот свет, ќе сфатиме дека само така го зачувуваме сопственото здравје“ – изјави Ико Брдароски, менаџерот за грижа на корисници во „Пакомак“.


ARE
YOU





# НАСЕЛЕНИЕ

## 4 ИНФОРМАТИВНИ ЛЕТОЦИ ЗА НОВИТЕ КОНТЕЈНЕРИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА СТАКЛО

Во октомври, по поставувањето на новите зелени контејнери игло за селекција на стаклен отпад, беа поделени летоци за населението со информативна содржина. Пораката „Селектирај иднина“ е комуникацијата со која „Пакомак“ се обраќа на населението во борбата за почиста животна средина, а во самите летоци се содржани информации зошто е важно да се рециклира и како се селектира стаклениот отпад.



# 5 УСПЕШНА СЕЗОНА НА ТВ-ЕМИСИЈАТА „ЕКОБАЛАНС“

ТВ-емисијата „Екобаланс“, која се емитува на каналот „24 вести“, е поддржана од страна на „Пакомак“. Во оваа емисија се обработуваат теми од областа на екологијата, грижата за животната средина и на иновативните решенија за почиста околина, нивната одржливост и глобалните и локални трендови во селекцијата на отпадот.

# 6 СОРАБОТКА СО „ОХО ПРОДУКЦИЈА“ И СО МОН НА ПРОЕКТ ЗА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Во текот на ноември „Пакомак“ договори соработка со „ОХО продукција“ на проектот за еколошка едукација на децата во основните училишта.  Кон овој проект, насочен кон собирање амбалажен ПЕТ-отпад во училиштата, се приклучи и Министерството за образование и наука, со што се проширува на национално ниво и се очекува уште поголем ангажман на училиштата и на учениците како главни учесници.



# 7 СОРАБОТКА НА „ПАКОМАК“ СО АПЛИКАЦИЈАТА „МОЈ ВОЗДУХ“

„Пакомак“ ја продолжи поддршката на мобилната апликација „Мој воздух“. „Пакомак“ и „Мој воздух“ ги делат истите вредности во борбата за почиста животна средина и за зголемување на свесноста на населението, така што апликацијата се покажа како одлична платформа за промовирање на тие вредности. „Три рециклирани стаклени шишиња штедат струја со која една светилка ќе свети цел ден“, „Со рециклирање 10 лименки заштедуваме еден литар нафта“ - се само некои од едукативно-информативните пораки што може да се прочитаат на апликацијата.



# 8 ПОДДРШКА НА ХУМАНИТАРНАТА АКЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ ПЛАСТИЧНИ КАПАЧИЊА

„Пакомак“ продолжува со логистичка поддршка на големата хуманитарно-еколошка акција „Едно капаче, една надеж плус“ за собирање пластични капачиња. Оваа акција е во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање, а со секои 350.000 собрани и рециклирани капачиња се донира инвалидска количка на Здружението на лица со параплегија и со квадриплегија.

„Пакомак“ поради проблеми со транспортот, складирањето и рециклирањето на капачињата, со задоволство ја продолжува соработката со нив и продолжува со организирано собирање на капачињата на територијата на целата држава.





# 9 ИЗДАДЕН СЕДМИОТ БРОЈ НА „ЕКОПРЕДВЕСНИК“

Во декември беше издаден седмиот број на „Екопредвесник“, информативно списание во кое фокусот на темите е екологијата. Во овој број, покрај информативните содржини за активностите на „Пакомак“ , различни екосовети, искуства од други земји, можат да се прочитаат интересни и важни теми во врска со одржливоста на плановите и на програмите за редуцирање на отпадот во Македонија, а интересен осврт на овие прашања даде Ико Брдароски, менаџерот за грижа на корисници од „Пакомак“.



# 10 КАНТИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД ВО МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА

Во декември, месецот кога во Македонската филхармонија се одржуваат најпосетените божикни и новогодишни концерти, „Пакомак“ како екопартнер на филхармонијата донираше канти за отпадоци за вљубениците во музиката. Се работи за два комплета тројни иноксни сет-канти за селекција на отпадоците, дизајнирани и брендирани во заедничка соработка меѓу „Пакомак“ и Македонската филхармонија.





# 11 СОБРАН СТАКЛЕН ОТПАД ОД ЈАВЕН ПРОСТОР ВО ПОВЕЌЕ ГРАДОВИ

Во тримесечјето од октомври до декември, „Пакомак“ го собра стаклениот отпад од контејнерите игло, но и неодговорно фрлениот стаклен отпад од јавните површини во повеќе градови во државата. Акцијата се одвиваше во Скопје, Охрид, Струга, Прилеп, Струмица, Велес и во Штип.






# 12 ПРОДОЛЖЕН ДОГОВОРОТ ЗА СОРАБОТКА СО ГРАД СКОПЈЕ

На големо задоволство, „Пакомак“ ја продолжува соработката со Градот Скопје. Компанијата го продолжи својот договор со градот, па така ќе продолжи да се грижи за потребите на општините и на граѓаните до 2022 година со уште поголеми напори и заложби да се подобри општата слика и ситуацијата со која се соочува Град Скопје.

Потпишан е и договор за донација на метални контејнери од 1,5 м3 и нивно разместување по територијата на Град Скопје.






# 13 ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА МАПА НА КОНТЕЈНЕРИТЕ ИГЛО ЗА СОБИРАЊЕ СТАКЛО ВО СКОПЈЕ

За полесно препознавање и лоцирање на контејнерите игло за селекција на отпадот, „Пакомак“ изврши нивно обележување на мапа. Контејнерите се со зафатнина од 1,5 м3, а со ова „Пакомак“ се надева дека ќе му помогне на населението што одбира да се грижи за средината. Страницата на која ќе можат да се лоцираат овие 152 контејнери игло моментно е во изработка, но се очекува да биде готова во најбрзо време.



ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2017

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Packaging Recovery Organisation Europe
PRO EUROPE